## Укажување и потсетување за сите државни органи и установи од јавниот сектор

Исплатата на платите, додатоците и надоместоците на платите, почнувајќи од месец април 2018 година и натака, ќе можат да се извршуваат откако ќе се изготват и усогласат актите за систематизациите на работните места, според Законот за административни службеници, согласно член 28 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, во рок од 3 месеци од стапувањето во сила на овој закон. Овој закон е донесен и објавен во "Сл.весник на РМ", бр. 11 на 18 јануари 2018 година, а стапува во сила осмиот ден сметано од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а тоа значи дека истиот е стапен во сила на 26 јануари 2018 година.

Крајниот рок за изготвување и доставување на систематизациите до Министерството за информатичко општество е до 26 април 2018 година, со напомена дека во систематизациите се внесуваат сите вработени лица, а не само административните службеници.

### Кои институции ги опфаќа Законот

Согласно член 3 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ", бр. 27/14 до 11/18), во смисла на став (1) од членот 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, претходно појаснет, како административни службеници се сметаат лицата кои засновале работен однос заради вршење административни работи во некоја од следните институции:

- органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со закон и

- институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Во зависност од институцијата во која е вработен, административниот службеник може да биде:

- државен службеник, односно друг вид на службеник утврден со посебен закон во институциите од ставот (1) алинеја 1 на овој член или

- јавен службеник во институциите од ставот (1) алинеја 2 на овој член.

Ограничувањето на исплатата на платите, почнувајќи од месец април 2018 година и натака, е регулирано со одредбите на член 1 став (2) од Законот за дополнување на Законот за придонесите од задолжителното социјално осигурување ("Сл.весник на РМ", бр. 35/18 од 23 февруари 2018 година, кои одредби гласат:

Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите - работодавач од јавен сецтор, соглоасно Законот за вработените во јавниот сектор, е должен податоците за обврзниците за плаќање да ги усогласи со регистарот на вработените во јавниот сектор, пред поднесување на месечната пресметка до УЈП. Тоа значи дека, откако ќе бидат изготвени и усогласени систематизациите на вработените и доставени до Министерството за информатичко општество и заведени во регистарот на вработените во јавниот сектор, согласно одредбите на членовите 18 и 19 од Законот за вработување во јавниот сектор ("Сл.весник на РМ", бр. 27/14 до 27/16).